


Министерството за информатичко општество и администрација ( **МИОА** ) со поддршка на Македонскиот центар за меѓународна соработка **(МЦМС)** преку проектот „ Национален ресурсен центар за граѓански организации ” ги поканувaат заинтересираните **претставници на граѓански организации** да учествувате на тематските состаноци за четвртиот национален **Акциски план за Отворено владино партнерство 2018 – 2020**.

Состаноците **ќе се одржат во ЕУ инфо центарот** и ќе послужат за **информирање за остварениот прогрес и прибирање предлог мерки и активности** кои можат да се вклучат во новиот национален акциски план.

Распоредот на одржување ќе биде:

- **Транспарентност и отчетност** - 26 март 2018
- **Спречување на корупција и промовирање на доброто владеење** – 29 март 2018
- **Ефективни јавни услуги и добро владеење на локално ниво** – 30 март 2018

Заинтересираните учесници треба да бидат претставници на граѓански организации кои работат во области релевантни за тематските состаноци. Потврдете го своето учество наведувајќи за кои тематски состаноци се пријавувате на info@rcgo.mk најдоцна до **23 март 2018**.

Владата на Република Македонија во 2011-та година пристапи кон глобалната инцијатива за Отворено владино партнерство - ОВП која претставува меѓународна платформа во рамките на која владите и граѓанските организации се залагаат за влади

кои се поотворени и поодговорни кон граѓаните. Согласно обврските за сите земји кои се приклучија кон оваа инцијатива Владата до сега има усвоено три акциски планови во 2012-та, 2014-та и во 2016-та година за соодветните двегодишни периоди. Од почетокот на оваа година МИОА започна со подготовки на нов ОВП акциски план за периодот 2018-2020 во чија што подготовка има намера да ги вклучи сите релевантни чинители.

Проектот „Национален ресурсен центар за граѓански организации“ е финансиран од Европската Унија, а го спроведува Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со Асоцијација за демократски иницијативи-АДИ од Гостивар и Медиа плус од Штип.